Бр./Nr 12-3442/2

27-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-3442/1 од 02.10.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

До Влада на Република Северна Македонија да се достави укажување за преземање долгови од пасивен субјект - ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци Ранка Милановиќ – Скопје.

Предметот со број 12-3442 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3442/1 од 02.10.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злоупотреба на службена положба и овластување на службени лица во ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци Ранка Милановиќ – Скопје (во понатамошниот текст: ЈУ Ранка Милановиќ), за намерно оштетување на доверител, поради неисплатен долг по основ на извршен налог /// издаден од извршител ///, на име главен долг во износ од /// денари, со законска затезна камата, до денот на исплатата. Наведено е дека долгот не можел да се исплати заради блокирана сметка на ЈУ Ранка Милановиќ. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и доставување податоци, информации и документација од Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, до извршител ///, од Влада на Република Северна Македонија и од ЈУ Ранка Милановиќ, а по службена должност ја прибави и тековната состојба на ЈУ Ранка Милановиќ од Централниот регистар на Република Северна Македонија. Врз основа на вака спроведената постапка и обезбедените докази, податоци и информации, ДКСК утврди дека ЈУ Ранка Милановиќ нема својство на активен субјект за исплата на своите обврски. Имено, ЈУ Ранка Милановиќ веќе подолго време нема органи на управување (директор, Управен одбор) е пасивно легитимиран субјект во правниот промет и без финансиска солвентност да го исплати

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

долгот кој го должи според горе означениот извршен налог. Согласно член 72 од Законот за установите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11), основач на ЈУ Ранка Милановиќ е Владата на Република Северна Македонија и во смисла на наведениот Закон, истата е должна да ги преземе и подмири сите обврски од ЈУ Ранка Милановиќ, вклучително и обврските по наведениот извршен налог.

Од утврдената состојба се констатира дека по конкретниот предмет, ДКСК согласно законските надлежности нема елементи за натамошно постапување од причина што подносителот на пријавата не може да го напати долгот заради намерно оштетување на доверител, со цел стекнување противправна имотна корист, од страна на службени лица, за себе лично или за друг, директно или преку посредник. Имајќи во предвид дека Владата на Република Северна Македонија е активно легитимиран субјект за преземање на долгот, ДКСК укажува дека истата треба доследно да го примени чл. 72 од Законот за установите и да го преземе долгот за исплата по однос на сите обврски вклучително и горе наведениот извршен налог.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**